# Извадок на дел од дневни настани 30.12.2024

На 29.12.2024 во 14.30 часот на автопатот Скопје– Тетово, на влезот на Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Р.Ј.(61) од с.Мала Речица, тетовско. При преглед во неговото патничко возило „опел антара" со тетовски регистарски ознаки, биле пронајдени 2680 разни видови на пиротехнички средства. Потоа, со судска наредба, бил извршен претрес во неговиот дом и неговиот угостителски објект. Притоа, во угостителскиот објект биле пронајдени и одземени 75 парчиња разновидни пиротехнички средства и бил затекнат С.Ј.(32) од с.Мала Речица, кој бил приведен во полициска станица. Двајцата биле задржани во полициска станица за понатамошна постапка и по целосно документирање на случајот, против нив ќе следува соодветна пријава.

На 29.12.2024 во 23.20 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода М.М.(33) и А.К.(39), двајцата од Скопје, затоа што кај нив биле пронајдени и одземени марихуана и бела грутчеста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 29.12.2024 во 20.30 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го привеле Ф.А.(20) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 30.12.2024 во периодот од 00.00 до 01.10 часот, полициски службеници при ОВР Гостивар, во содејство со полициски службеници од СВР Тетово, спровеле акциска контрола во угостителски објект на улица ,,Илинденска" во Гостивар, сопственост на Ј.А.(48) од Гостивар. При контролата во објектот биле затекнати 12 женски лица, од кои пет (четири од Република Србија и една од Република Албанија) го злоупотребиле туристичкиот престој. Тие биле приведени и задржани во полициска станица за понатамошна постапка, по што против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 29.12.2024 во 09.15 часот на Граничниот премин Деве Баир, на излез од државата, полициски службеници го лишиле од слобода Г.О.(47) од Република Турција затоа што при извршена пасошка контрола и проверка било констатирано дека приложил фалсификувани зелени карти за товарно возило „рено" со полуприколка „тирсан" со турски национални ознаки, кое го управувал. Тој бил предаден на полициски службеници од ОВР Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 29.12.2024 во 17.00 часот на Граничниот премин Долно Блаце, на влез во државата, полициски службеници го лишиле од слобода А.К.(45) од Косово, затоа што при проверки во оперативна евиденција било констатирано дека патничкото возило „хјундаи тусон" со швајцарски национални ознаки, кое го управувал, било барано од Интерпол. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициското одделение Мирковци за понатамошна постапка.

На 30.12.2024 во 03.40 часот во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода А.К.(39) од с.Пороj, тетовско, кој бил фатен при обид да изврши кражба во еден објект. Тој бил задржан во полициска станица за понатамошна постапка и по документирање на случајот, против него ќе следува соодветна пријава.

На 29.12.2024 во 15.00 часот во СВР Тетово било пријавено дека на локален пат с.Сиричино кон с.Туденце, тетовско, патничко возило „опел" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Е.Д.(19) од с.Туденце, удрило во малолетен пешак. Во несреќата, пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничка болница Тетово. Увид на местото извршила екипа од СВР Тетово.

На 29.12.2024 во 20.30 часот во СВР Охрид било пријавено дека на локалниот пат од с.Велестово кон Охрид, четирицикл „кавасаки" со охридски регистарски ознаки, управуван од С.М.(41) од Охрид, излетал од патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Специјалната болница „Св.Еразмо" во Охрид. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Охрид.

На 29.12.2024 во 12.25 часот во СВР Битола З.Х.(74) од Битола пријавила дека на ул. „Партизанска" во Битола била каснатa од куче скитник.

На 29.12.2024 во 10.00 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода С.А.(26) од Скопје. Тој бил баран поради сомнение дека сторил повеќе кривични дела од областа на имотните деликти, а при негово приведување физички нападнал полициски службеник, а се обидел и да го нападне со остар предмет, но бил спречен од другите полициски службеници. По целосно документирање на случајот, против него ќе следува соодветна пријава.

Денеска (30.12.2024) во 01.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред угостителски објект на подрачјето на Центар, по претходно недоразбирање, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу П.М.(31) и В.Т.(34), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 29.12.2024 во 13.00 часот во СВР Скопје, 49 - годишна жена од Скопје пријавила дека околу 08.30 часот во семејниот дом на подрачјето на Центар била физички нападната од нејзиниот сопруг Д.К.(39) од Скопје, кој употребил и тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.12.2024 во 20.45 часот во СВР Скопје, Ж.Д.(29) од с.Петровец, скопско, пријавил дека пред казино на подрачјето на Центар, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од Х.Ј.(48) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 29.12.2024 во 12.30 часот во СВР Скопје, било пријавено дека околу 01.00 часот во угостителски објект на подрачјето на Драчево, Б.С.(24) од Скопје бил физички нападнат од А.И., а М.Н.(23) од Скопје бил физички нападнат од Т.Ѓ. и К.И. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Штип поднесе кривична пријава против В.С.(41) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторени пет кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори" и две кривични дела „овозможување на употреба наркотични дроги". Во октомври и декември 2024 година биле извршени претреси во неговиот дом, при што биле пронајдени и одземени марихуана, амфетамин, две дигитални ваги и дробилка. Исто така, на 25.12.2024 во неговиот дом биле затекнати две лица на кои им овозможил да користат марихуана и амфетамин.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Е.Х.(19) и Г.Д.(18), двајцата од с.Жеровјане, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 26.09.2024 во Тетово, полициски службеници извршиле преглед на возилото во кое се превезувале пријавените со уште две лица, при што исфрлиле ќеса со марихуана, која била пронајдена и одземена.

СВР Битола - ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против Д.С.(46) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 17.05.2023 во с.Бешиште, прилепско, полициски службеници извршиле претрес во викенд куќа на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени дигитална вага и стебла од растението канабис.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.А (51) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница" и „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 25.07.2024, пријавениот упатувал закани со огнено оружје кон едно лице, а при претрес во неговиот дом и други простории, полициски службеници пронашле и одзеле пиштол „Црвена застава", калибар 7,62, две рамки за огнено оружје и 46 куршуми калибар 7,62 мм и пиштол кубура (колекционерско оружје).



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет